# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр. 14/25
## 15.09.2025 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.6 од урбанистички план вон населено место за стопански комплекс, КО Неготино , општина Неготино**

Се објавува **Одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.6 од урбанистички план вон населено место за стопански комплекс, КО Неготино , општина Неготино,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **10.10.2025** година.

**Бр.09- 2022/1**
**14.10.2025 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РС“ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **10.10.2025** година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**за утврдување на урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.6 од урбанистички план вон населено место за стопански комплекс, КО Неготино, општина Неготино**

**Член 1**

Се утврдува **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ГП 1.6 ОД УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА СТОПАНСКИ КОМПЛЕКС, КО НЕГОТИНО, ОПШТИНА НЕГОТИНО** со тех. бр. 93/25 од септември, 2025 год, изработен од ,,ПЕРКАН ПРОЕКТ” ДООЕЛ Прилеп.

**Член 2**

*Урбанистички проект со план за парцелација од член 1 на оваа Одлука содржи:*
*-Текстуално образложение;*
*-Графички прилози според законските одредби;*
*-Извештај од извршена стручна ревизија бр. 0701-134 од 01.10.2025 година од ,,КВАДАР” ДОО Скопје;*

**Член 3**

Ова одлука стапува во сила со денот на објавувањето во **,,Службен гласник на општина Неготино“.**

**бр.08-1972/3**
**10.10.2025 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ " бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино" бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Социјален план на општина Неготино**

Се објавува **Социјален план на општина Неготино,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **10.10.2025** година.

**Бр.09- 2022/2**
**14.10.2025 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Општински совет за социјална заштита
на подрачјето на општина Неготино

# СОЦИЈАЛЕН ПЛАН
# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

**Неготино, 2025**

## 1. Вовед

Законот за социјална заштита усвоен во 2019 година содржи одредби со кои се овозможува имплементација на принципите на децентрализација и плурализација во доставата на социјални услуги. Со новата законска регулатива општинитесе обврзуваат да преземаат конкретни активности за развивање на локални социјални политики. Во таа насока, како примарна цел се јавува потребата зазајакнувањена улогата на општините во вршењето на социјално-заштитната дејностна две нивоа: планирање на социјално-заштитните активностина стратешко ниво и нивна имплементација на оперативно ниво преку непосредна локална достава на социјални услуги за жителите на општината.

Имајќи предвид дека социјалната заштита претставува комплексна и мултидимензионална дејност во која се испреплетуваат голем број на актери на различни нивоа, мулти-секторската соработка се јавува како нужен предуслов за успешно спроведување на социјални активности на локално ниво. Оттука, со Законот за социјална заштита, општините покрај другите мерки и активности, имаат обврска да формираат Совет за социјална заштита за подрачјето на општината и да учествуваат во работата на Советот за социјална заштита на планскиот регион заради планирање и развој на мрежата на социјални услуги.

Општина Неготино водејќи се од начелото на законитост, како и потребата за реализација на социјалната заштита како изворна надлежност на општината утврдена со Законот за локална самоуправа, започна со имплементација на законските одредби со кои на системски начин се уредуваат прашањата поврзани со дејствувањето на општините во оваа област.

Општинскиот совет за социјална заштита за подрачјето на општина Неготино е основан во декември 2020 година со одлука на Советот на општина Неготино по предлог на градоначалникот на општина Неготино. Во составот на Општинскиот совет се претставници од следните локални институции/организации: општинска админстрација, ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа –Неготино, АВРСМ- Центар за вработување Неготино, ООУ “Гоце Делчев”, ООУ “Страшо Пинџур”, СОУ “Св.Кирил и Методиј”, ОВР Неготино,Здравствен дом –Неготино,Центар за лица со ментален хендикеп “ПОРАКА НЕГОТИНО”-НЕГОТИНО,ЈУ СпецијалензаводДемирКапија – Одделзаорганизираноживеењесоподдршка, Основно јавно обвинителствои Општинска организација Црвен Крст (Види подетално Прилог 1). Општинскиот совет за социјална заштита претставува локален форум на кој ќе се дискутираат и планираат социјално-заштитните активности, ќе се решаваат проблемите во

меѓуинституционалната соработка и ќе се иницираат проекти за развивање на социјални услуги. На тој начин ќе се придонесе за спречување на нови и надминување на постојните социјални проблеми присутни во општина Неготино.

Членовите на Општинскиот совет за социјална заштита, со експертска помош обезбедена преку Програмата за општинско-корисна работа имплементирана од канцеларијата на УНДП во Скопје изработија Социјален планза подрачјето на општина Неготиноза 2020-2024. Со овој Социјален план се врши идентификација на ранливи групи и мапирање на социјални проблеми, анализа на капацитети и расположливи ресурси во општината, како и проценка на специфични потреби за развој на социјални услуги за жителите на локалното подрачје. Сето тоа, претставува основа за годишното планирање на активностите во областа на социјалната заштита од страна на општината преку усвојување на Годишна програма во согласност со Националната програма за развој на социјалната заштита 2011-2021.

Во рамките на проектните активности подржани од УНДП, беа изработени Упатство за функционирање на општинските совети за социјална заштита и Прирачник за зајакнување на капацитетите за социјална заштита на локално ниво. Исто така, беше одржана обука за сите членови на советот. Преземените активности, особено формирањето на Општинскиот совет за социјална заштита и изработката на Социјалниот план за подрачјето на општина Неготино се очекува да придонесат за подобрување на положбата на ранливите групи во општината преку развивање на мрежата на социјални услуги во домот и во заедницата, како и услуги на вонсемејна социјална заштита на локално и регионално ниво.

**Овој Социјален план е во изработка ,ревидирање и ажурирање со податоци од членовите на институциите кои се дел од Советот на Социјална заштита избран во 2025 година со важност до 2029 година.**

## 2. Општи податоци за општината Неготино

### 2.1. Општи карактеристики

Општината Неготино е лоцирана во централниот дел од Република Северна Македонија, во областа на средното Повардарие. Му припаѓа на Вардарскиот регион, а како посебна природна средина му припаѓа на Тиквешко- вардарскиот регион. Го зафаќа источниот дел од Тиквешката котлина на двете страни од реката Вардар, а на југоисток граничи со Демир Капија. Се граничи со општините: на север со Штип,на исток со Конче,на југ со Кавадарци,на запад со Росоман и на северозапад со Градско.

Територијата на општина Неготино се наоѓа на просечна надморска височина од 150 m. Општина Неготино,како дел од областа Тиквеш и Повардариее под влијание на медитеранска клима,која продира од југ преку Демиркаписка клисура и на континетална клима,која продира од север преку Велешката котлина.

Подрачјето на општина Неготина се простира во градот Неготино и 18 населени рурални местана површина од 426,46$km^2$.Руралниот дел на општината го сочинуваат селата: Брусник, Вешје, Војшанци, Горни Дисан, Долни Дисан, Дуброво, Криволак, Курија, Липа, Пепелиште, Пештерница, Тимјаник, Тремник и Црвени брегови. Селата Јаношево, Калањево, Џидимирци и Шеоба се целосно раселени.

Според пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија од 2021година, во општина Неготино живеат 18.194 жители. Од нив, околу 12.488 жители живеат во градот Неготино кој е и административно седиште на општината, а 5.706жители живеат во селските населби. Во општината според податоците од последниот попис, има вкупно 6131 домаќинства и 7614 станбени единици.

На територијата на општина Неготино поминува автопатот М-1 и регионалниот пат П-107. Постои комуникациска поврзаност на целата територија на општината. Локалните патишта се простираат во должина од 51km. Вкупната должина на постојната градска мрежа во градот Неготино изнесува 25km, а вкупната површина 17,5ha. Во општината нема организиран јавен градски превоз.

Во однос на инфраструктурата, водоснабдување има на подрачјето на целата општина. Канализациона мрежа нема во Тремник и Црвени Брегови. Еден од најголемите инфраструктурни проблеми е недоволната урбанизираност на руралните средини.

На територијата на општина Неготино е развиено земјоделството, особено лозарството. Исто така, има природни можности за развој на лов и риболов. Од производствените дејности, најмногу е развиена преработувачката и прехрамбената индустрија, а постои значаен потенцијал за развој на алтернативниот и винскиот туризам.

## 2.2. Демографски податоци

Во општина Неготино, според последниот попис на населението во 2021 година, живеат 18.194 жители, што претставува 0,99% од вкупното население во Република Северна Македонија. Густината на населението изнесува 43 жители на $km^2$. Етничкиот состав на населението е следниот: Македонци 15.698 (86,28%), Срби 344 (1,89%), Роми 493 (2,70%), Турци 349 (1,91%) ,Власи 14 (0.07%),Бошњаци 1(0.05%) и останати 7%.

Во однос на половата структура на населението 50,28% од жителите се од машки пол (9.149), а 49,71% се од женски пол (9.045Просечната возраст на населението на општината изнесува 40,8 години, со индекс на староење од 117,5. Структурата на населението по возрасни групи покажува дека 15.5% од населението е на возраст до четиринаесет години, 67,26% е на возраст од 15 до 64 години и 17,69% е на возраст над 64 години.

Во Општина Неготино констатиран е значаен пораст на миграцијата од село во град во периодот на индустријализација, кој продолжил и во текот на последните години од минатиот и почетокот на овој век. Во последните десетина години има процес на обратна миграција, особено на повозрасната популација. Исто така, има значаен пораст на миграцијата на работоспособно население од општината кон другите поголеми градови во државата, но и надвор од границите на Република Северна Македонија. Миграционото салдо, според достапните официјални податоци од 2002 година изнесува 88.

СтапкатананевработеноствоОпштинаНеготиносогласноподатоцитена Центарот за вработување во Неготино замесецАприл2025 година изнесува5,6%ВкупниотбројнаневработенилицакоиактивнобараатвработувањевоградотНеготино и околнитесела е 1021лица, одкоиневработенимажисе471, а женисе550. Најголем дел од машките лица кои се невработени спаѓаат во возрасната група од 60-65 години (112), а најголем дел од невработените жени се во возрасната група од 25-29 години (77).

**Табела 1: Структура на невработени лица по возраст и пол**

| Возрасна група | 15-19 | 20-24 | 25-29 | 30-34 | 35-39 | 40-44 | 45-49 | 50-54 | 55-59 | 60-65 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мажи | 11 | 60 | 37 | 44 | 35 | 41 | 38 | 35 | 58 | 112 |
| Жени | 6 | 61 | 77 | 45 | 56 | 67 | 60 | 64 | 76 | 38 |
| Вкупно | 17 | 121 | 114 | 89 | 91 | 108 | 98 | 99 | 134 | 150 |

*Извор: Центар за вработување Неготино, 2025*

Во структурата на невработени лица најбројни се невработените неквалификувани и полуквалификувани лица (без образование и со основно образование, како и непотполно средно образование). Исто така, и невработените лица со завршено средно образование имаат релативно високо учество во бројот на евидентирани невработени лица во општина Неготино.

Табела 2: Структура на невработени лица по образование и пол

| Степен на образование | Без обр. и со основно обр. | Непотполно средно обр. | Завршено средно обр. | Вишо обр. | Високо обр. | Магистер на наука | Доктор на науки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мажи | 217 | 54 | 163 | 2 | 28 | 3 | 1 |
| Жени | 221 | 57 | 212 | 6 | 48 | 6 | / |
| Вкупно | 438 | 111 | 375 | 8 | 76 | 9 | 1 |

*Извор: Центар за вработување Неготино, 2025*

Најголем дел од невработените лица и од машки и од женски пол чекаат на вработување во период од 1 до 5 месеци, а најмал е бројот на невработено кои чекаат во период од 4 години.

Табела 3: Структура на невработени лица по пол и време на чекање за вработување

| Време на чекање | под 1 месец | од 1 до 5 месеци | од 6 до 11 месеци | од 12 до 17 месеци | од 18 до 23 месеци | 2 години | 3 години | 4 години | 5-7 години | 8 и повеќе години |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мажи | 27 | 104 | 62 | 61 | 22 | 33 | 25 | 19 | 79 | 79 |
| Жени | 87 | 142 | 62 | 63 | 35 | 48 | 27 | 23 | 44 | 19 |
| Вкупно | 114 | 246 | 124 | 124 | 57 | 81 | 52 | 42 | 123 | 58 |

*Извор: Центар за вработување Неготино, Април 2025*

Со оглед на етничката структура на населението во општина Неготино, најголем дел од невработените лица се со македонскатанационалност. Треба да се нагласи високата стапка на невработеност кај лицата од ромска националност, ако се има предвид процентуалната застапеност на ромите во вкупното население во општина Неготино.

Табела 4: Структура на невработени лица по пол и националнаприпадност

| Нац. припадност | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Срби | Власи | Бошњаци | Други |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мажи | 423 | / | 18 | 29 | 4 | / | / | 7 |
| Жени | 487 | 1 | 17 | 36 | 1 | / | / | 8 |
| Вкупно | 910 | 1 | 25 | 29 | 5 | / | / | 15 |

Анализирано во последните четири години се забележува тренд на пораст на бројот на невработени лица во 2021 година. Имено, вкупниотбројнаневработенилицакои активнобараатвработувањевоопштинаНеготиниво 2021 година е 1353лица, одкоиневработенимажисе 715, аженисе638, додека во 2022 година изнесува 994лица, одкоиневработенимажисе508, а женисе 486. Во 2023 година вкупниотбројнаневработенилицакоиактивнобараатвработувањевоопштинаНеготино се 971одкоиневработенимажисе483, а женисе 488, и во 2024 година е 869 вкупниот број на активни баратели лице, одкоиневработенимажисе 442, а женисе 427.

Доминантнатадејностсо која се занимава населението воопштинаНеготино е земјоделскатаи преработувачката дејност. Најпобаруванипрофилизавработувањево последнитедвегодинисеопштитеработници(производство и

земјоделие),бравари,келнери,шнајдерки и продавачи. Исто така, дефицитарен кадар се докторите(општителекари),здравственитеработнициии фармацевтите,машинските и електроинженерите,наставниципоматематика,одделенски наставници,и повеќе предметни наставници и професори по физичко и здравственовоспитување, ,градежни инжинери возачи на товарни возила.

Расположливи профиливоевиденцијата наневработенилицаактивнибарателинаработакои може да се вклучат во социјално-заштитна дејност на општината се: дипломиран педагог(професоро,социјаленработник,дипломиран логопед,дипломиран воспитувач.

## 3. Мапа на социјални проблеми и ранливи групи

### 3.1 Корисници на социјална заштита

Во рамките на општинската администрација, согласно Актот за внатрешна организација и систематизација на работните места, нема посебно одделение за социјална заштита, туку надлежностите се реализираат од страна на Одделението за јавни дејности. Најголем дел од социјално-заштитната дејност на општината се состои во доделување на парична помош за жителите на подрачјето на општината. СоветотнаопштинаНеготиноноси решенија за доделување на еднократна парична помош за жителите на општината Неготинопопредлог на Комисијата за јавни дејности при Советот на Општина Неготино.Комисијата го подготвува предлогот за остварување на правото врз основа на доставено барање и разгледување на документите за остварување на правото на еднократна помош. Во последните три години нема големи разлики во бројот на корисници на еднократна парична помош, односно во 2022 година се донесени решенија за остварување на правото за 2022 -131 корисници, во 2023 година за 136 корисник, а во 2024година помош користеле 101лице а во 2025 година до месец септември 105 лица.Самото овозможување на одобрување на еднократната помош нанапред е во насока на потребите на граѓаните но и од значење за општината со оглед на учеството и соработката на Општина Неготино и потпишан меморандум за соработка со UN Women 2024 година во рамки на проектот „Промоција на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, но и отчетно управување во Република Северна Македонија“, финансиски поддржан од Швајцарија и Шведска, спроведуван од UN Women со оглед на тоа дека основна цел на оваа обука е

локалната самоуправа да се стекне со практични вештини за собирање и користење на родово-разделените податоци и за родовите статистики, како и за соодветните потреби од податоци во контекст на планирање и следење на реализацијата на програмите и проектите на локално ниво, резултат согласно индикаторите и наведените потреби на социјално ранливите граѓани на општината во овој контекст (во самите барања на граѓаните за еднократна помош)се соодветно и порелеватно видливи а со тоа и подостапни за нотирање во социјален план ,социјални програми и работењето на целата општина со цел родово одговорното буџетирање како алатка низ програмите да обезбеди поеднакво можности и решавање на проблемите и ризиците на сите граѓани на општината соодветно и видливо нотирани и спроведувани кон имплементација.

Покрај давањата во пари, општината интервенира и со давања во натураОпштина Неготино, исто така, обезбедува финансиска помош за здруженија,организации и клубови, едукативни и спортски настани, учество на натпревари и сл и помош финансиска помош при елементарни непогоди во домовите ,тешки животно загрозувачки ситуации(операции во странство и др потреби во насока на спас на животите особено кога е дете во прашање).Општината поддржува во таа насока и манифестации кои се со хуманитарен карактер во насока на мобилизација на институции со НВО и вмрежување на сите граѓани во насока да конкретната потреба за спас.Позитивен пример е донирањето на финансиска помош за настраданите деца во Кочани со Одлука на Совет.

Со одлука на Совет од 15.11.2021 општината доделува еднократен надоместок од 7 000 ден. за секое новородено дете во општина Неготино.

Преку Програмата за општинско-корисна работа имплементирана од Канцеларијата на УНДП во Скопје во соработка со општина Неготино, МТСП, МОН и Агенцијата за вработувањесе реализира достава на социјални услуги за жителите на подрачјето на општина Неготино. Општината, во последниве години,односно заклучно со 2024 година учествува со сопствено учество од 20% во вкупното финансирање на средствата за реализација на услуги на годишно ниво.

Програмата за општинско - корисна работа во 2018 година вклучи ангажман на образовни асистени за деца со пречки во развојот вклучени во редовниот образовен процес.Заклучно со 2024 година општина Неготино се

јавува како ко-финансиер во износ од 20% од вкупниот буџет предвиден за надоместок на ангажираните образовни асистенти.

Неколку години station наназад општината преку ОКР ангажира негуватели на стари лица во домашни услови за кои се обезбедени средства од УНДП и општината кофинансира 20%од вкупниот буџет предвиден за надоместокот за негувателите на стари лица.Оваа 2025 година аплицирањето за ОКР негувателие во тек ,ДОКОЛКУ улсугата Помош и Нега во домот на стари и изнемоштени лица биде потврдена од страна на Агенцијата за вработување средствата обезбедни за оваа услуга се во однос првите 6 месеци финансирање од Агенцијата за вработување(ЦВ Неготино)а останатите 12 месеци финансирање од општина Неготино.

Согласнозаконотзасреднообразованиеодучебната 2025 /2026 преку ресурснитецентрисеангажираатобразовниасистентикоиќеимдаваатподдршканаученицитесопопреченост.Прекуресурсниот центар Искра Штип оваа години се обезбедени и ангажирани образовните асистенти.

Во рамките на проектот Сори подржан од ГИЗ -Проект за унапредување на правата на социјално ранливи групи во периодот 2018-2019 годинабеше формирано Координативното тело за социјална заштита. Како проектни активности се реализираа активности за обезбедување помош во натура,облека,храна,донирања од граѓани на граѓани како и соработка со други релевантни институции со цел помош,заштита и упатување насоцијално ранливите групи заради остварување на нивните права. Поради позитивните придовки овој проект има одржливост и самата работа како резултат на претходното позитивно искуство во рамки на социјалните услуги и унапредување на социјалната карта на општината самата работа е во рамки на општината како значаен дел со социјално ранливи граѓани и во периодот до 2025 година.На табелата подолу се прикажани активностите реализирани во рамките на овој проект.

Табела 5: Реализирани активности во рамките на Проектот Сори(се користат и понатаму позитивните ефекти од проектот кои станаа дел од работењето во работата со социјално ранливи жители во рамки на општината)

| Виднапомош–натура,пакети намирници,донирање предмети за домакинство за социјално ранливи жители | Проект Гиз -Општински центар за социјални услуги(сега во склоп на Локален економски развој-Општина Неготино и Социјални работи во општината) | | |
|---|---|---|---|
| | 2022 | 2023 | 2024 | Откако се спроведува |

<table>
<tr><td rowspan="2">Пакети храна</td><td>Во соработка со Црвен Крст(пакети за соц ранливи категории)или лицата се упатуваат да аплицираат во Црвен Крст за пакет храна или им се укажува да се пријават во ЦСР за оброк во кујаната за оброк за соц ранливи категории</td><td>10</td><td>14</td><td>/</td><td rowspan="6">ОКР од 2022 годинапомош и нега на стари и изнемоштени лица во домот се разви интересот за пријави за негувателки и лица на кои им е потребна помош</td></tr>
<tr><td>Соработка со Црвен крст околу пријавување на лица на кои им е потребна репарација во домот во рамки на проектот ЦКА -ПХВ циклус</td><td colspan="3">Повеќе оспособени домови на лица во ризик од кои едно во с.Курија со видлива успешност пред и потоа и промена во олеснување на просоторот на живеење</td></tr>
<tr><td colspan="2" rowspan="4">Соседи за соседи,граѓани за граѓани-помош за социјално ранливи граѓани-проект ГИЗ Донирање од граѓани за граѓани на Општина Неготино</td><td>2022</td><td>2023</td><td>2024</td></tr>
<tr><td>Мебел</td><td>Детска опрема</td><td>Бела Техника</td></tr>
<tr><td>7</td><td>5</td><td>5</td></tr>
<tr><td colspan="3">Помошта се состои во донирање на кревети,детски колички,детски креветчиња,школскиприбори,телевизори и друга бела техника од граѓани кои донираат кон граѓани од ранливи категории во општината<br>Мора да се потенцира дека во овој период споредбено со претходниот план и економските кризи и здравствени кризи подарувањатаод овој карактер драстично се намалија додека повеќе се охрабрија и преприемачки кои стоп субјекти кои сакаат анонимно да донираат облека кон соцранлици сограѓани и во таа насока с еизврши донирањето и кон субјекти каде имаме корисници со попреченост и взаемна соработка со Црвен Крст Порака Мали групни детски домови</td></tr>
<tr><td colspan="2">Советодавна и упатувачка услуга</td><td colspan="4">Просечно бројот на лица кои доаѓаат на советување и упатување е 35 лица од социјално ранливи категории во тек на еден месецот</td></tr>
<tr><td colspan="2">Упатувања-психосоцијална поддршка на лица жртви на семејно насилство /суициди и др ризици во координација со Цср,Визија ,Здравствен дом,образование,Организации на Жени и регионално и локално ,пополнување на документи и</td><td colspan="4">Оние лица кои како посредство на Општината побарале информација околу проблемот со семејното насилство на кое се жртви се соодветно упатени во координација со конкретните институции или Нво соодветно на социјалниот проблем меѓу жртвите има и жени и мажи но истите се упатуваат и кон бесплатна правна помош која им следува како социјално раналиви категории</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| барања кога станува збор за тешки заболувања во насока на еднократна и финансиска помош од општината | |

*Извор: Општина Неготино, септември2025*

- **Праванапаричнапомош од социјална заштита**

Праватанапаричнапомошодсоцијалназаштитасеостваруваатсоподнесување набарањедоЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Неготино, доколкубарателотгиисполнуваусловитепредвиденисоЗаконотзасоцијална заштита и соодветната подзаконска регулатива

Табела 6: Бројнакорисници направанапаричнапомош во периодот2022-2025 по години

| Бројнапредметиворабота | Предметиво работа | | | Планир ани |
|---|---|---|---|---|
| | **2022** | **2023** | **2024** | 2025 |
| **Гарантиранаминималнапомош** | 236 | 320 | 229 | 300 |
| **Надоместокзарадипопреченост** | 95 | 99 | 109 | 110 |
| **Надоместокзапомоши негаоддруголице** | 644 | 753 | 1442 | 900 |
| **Надоместокнаплатазаскратеноработнов реме** | 4 | 5 | 5 | 7 |
| **Додатокзадомување** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Траеннадоместок** | 2 | 2 | 4 | 3 |
| **Еднократнапаричнапомош** | 127 | 126 | 111 | 150 |
| **Социјалнасигурностнастарилица** | 32 | 33 | 35 | 50 |
| **Детскидодаток** | 166 | 144 | 173 | 160 |
| **Посебендодаток** | 96 | 91 | 107 | 130 |
| **Еднократнапаричнапомошзановороден че(првоивторо)** | 134 | 125 | 102 | 120 |
| **Образовендодаток** | 239 | 217 | 178 | 240 |
| **Родителскидодатокзатрето и четвртодете** | 210 | 198 | 174 | 170 |
| **Паричнинадоместоциоддругизакони** | 1 | 1 | 1 | 1 |
| **Вкупно** | **1.986** | **2.114** | **2.670** | **2.341** |

*Извор: ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа Неготино, 2025*

Одвакаизготвенататабеламожедасезаклучидеканајзастапенипредметиворработасе паричниотнадоместокзапомош и негаоддруголицегарантиранаминималнапомош, образовниотдодаток,детскидодаток, родителскиотдодаток, еднократнатапаричнапомош и еднократнатапаричнапомошза новороденче. Анализатанабројотнапредметите и трендовитевопоследните 3 години, сезабележува задржување на бројот на предмети воодноснапретходнатагодина. Значитено зголемувањенабројнакорисницииммесамо направотонапариченнадоместокзапомош и негаоддруголице.

Воделотнаправатаоддетскатазаштитасезабележуваистотаказадржувањенабројот напредмети, единственосезабележувамалонамалувањенабројотнакорисницинаобразовен додаток, родителски додаток, на еднократната парична помош за новороденче воодноснапретходнатагодина. правото на родителскидодаток.

- **Социјалниуслуги**

**Табела 7-Услугинаинформирањеиупатување**

| | Реализирано2024 |
|---|---|
| Услуганаинформирање | 0 |
| Услуганаупатувањедодругаинституција | 0 |
| Вкупно | 0 |

*Извор: ЈУ Мегуопштински Центар за социјална работа Неготино, 2025*

Услугитенаинформирање и упатувањеопфаќаатинформирањенаграѓанитезаправатаодсоцијалнатазаштита и расположивитесоцијалниуслуги, првичнапроценка и упатуваањедодругиинституции, соцелостварувањенепреченпристапдоправата и услугите.

* Услугитенаинформирање и упатувањедодругиинституциивo ЈУ МЦСР Неготиносеслучуваатсекојдневно,аорентационабројказаованеможедабидедадена,бидејќибројкатаенеколкупатипоголемаодвкупниотбројнапредметиворабота—права и услугизаедно и заистотонесеизготвенирешенија (сеслучуваеднолицепоеденпредметповеќепатидасеинформиразаодреденоправоилинадлежностнаинституција), нореткоистотописменода е извршено

**Табела 8-Стучнапомош и поддршка:**

| | Реализирано2024 |
|---|---|
| Услугинастручнапомошиподдршка | 0 |
| Вкупно | 0 |

*Извор: ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа Неготино, 2025*

Услугитезастручнапомош и подршканапоединец и семејствоопфаќаатпомош и подршказанадминувањенаиндивидуалните и семејнитепроблемипрекупроценка, планирање, интервенции,заштита и евалуација, како и следењенасостојбатапозавршувањенаинтервенциите, соцелзајакнувањенакорисниците, промоцијананивниотнепреченразвој, обезбедување и одржувањенадобросостојбата и независноста и нивнодолгорочнооспособувањезасамостојнонадминувањенасоцијалнитепроблеми.

*Стучнапомошиподдршкаседавакаконаситекорисницинаправаиуслуги,такаинастранкикоинеевидентирааатвоцентарот, билотоада е појаснувањенанекојапостапкаилиупатувањедонадлежнаинституцијазаостварувањенанекоеправо, а сесоцелнивнозајакнувањенадобросостојбата и независноста и нивнодолгорочнооспособувањезасамостојнонадминувањенасоцијалнитепроблеми.

**Табела 9-Услугинасоветување:**

| | Реализирано | | План |
|---|---|---|---|
| | 2023 | 2024 | 2025 |
| Подготовказабрак, животвосемејство, родителство, планирањенасемејство, брачно/партнерскосоветувањезапартнерисонарушениодноси | 0 | 0 | 0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Советувањеприразводнабрак | 45 | 19 | 30 |
| Семејнамедијацијазасемејствасонарушенисемејниодноси | 0 | 0 | 3 |
| Психо-социјалнаподдршказажртвинасемејнонасилство | 36 | 36 | 40 |
| Психо-социјалентретманнасторителинасемејнонасилство | 0 | 4 | 5 |
| Другиспецијализиранивидовинасоветувања | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 81 | 59 | 78 |

*Извор: ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа Неготино, декември 2025*

**Табела 10 -Услугиводомот:**

| | Реализирано | | План |
|---|---|---|---|
| | 2023 | 2024 | 2025 |
| Помош и негаводомот | 72 | 57 | 90 |
| Личнаасистенција | 25 | 32 | 40 |
| Вкупно | 97 | 89 | 130 |

*Извор: ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа Неготино, 2025*

ОдуслугитеводомоткоигипредвидуваЗаконотзасоцијалнатазаштитанатериторијат на

општинаНеготино е развиенауслугатазаПомош и негаводомот и личнаасистенција.

УслугатаПомош и негаводомотзапочнадасеспроведуванајпрво во општина Демир Капија од месец јуни 2021вотекотнамесецдекември 2021година, а какодавателнауслуга е Здружение за подршка и развој ХУМАНОСТ. Додека во опоштина Неготино започна да се спроведува од месец септември 2023г., а давател на услугата е ОпштинскатаорганизацијанаЦрвенКрстНеготино. Воуслугатасеангажирани27негователиситесеодженскипол. Вотековната 2024годинабројотнакориснициварираше, на 31.12.2024 година севкупно57 корисници, примени се 33 нови барањаодкои3 се запрени поради смрт и две решенија не се реализирани поради несоработливост на блиските роднини.Услугатаварирамесечно, возависностодбројотнапочинатилица и поднесенибарање. Бројотначасовиварираод20до 80 часови.

Услугаталичнаасистенција е развиенавотекотнамесецавгуст 2018г. година. До 31.12.2024 година има 32 корисници на лична асистенција и тоа 30 корисници со 23 лични асистенти преку давател на услугата ОО Црвен крст на Неготино и 2 корисниц со 1 асистент е преку ЕСИ НЕЛИС, Корисниците се на возраст од 6 до над 64 годишна возраст

**Табела 11-Услугивозаедницата:**

| | Реализирано | | План |
|---|---|---|---|
| | 2023 | 2024 | 2025 |
| Услугинадневенпрестој | 0 | 0 | 0 |
| Услугатазарехабилитација и реинтеграција | 0 | 0 | 0 |
| Услугатазаресоцијализација | 0 | 0 | 0 |
| Услугинапривременпрестој | 0 | 0 | 0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Одменанасемејнагрижа | 0 | 0 | 0 |
| Куќанаполапат | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 |

*Извор: ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа Неготино, декември 2025*

**Табела 12-Услугинавон-семејназаштита:**

| | Реализирано | | План |
|---|---|---|---|
| | 2023 | 2024 | 2025 |
| Живеењесоподдршка | 6 | 6 | 8 |
| Згрижувањеводругосемејство | 3 | 2 | 5 |
| Сместувањевоустанова | 0 | 3 | 5 |
| Вкупно | 9 | 11 | 18 |

*Извор: ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа Неготино,* *

ЈУ МЦСР Неготиноимасместеносогласнодеинституционализацијатаживеењесоподдршка4 лицавоПОРАКАНеготино,1воХУМАНОСТи1лицевоКРИК,2лицавороднинскизгрижувачкисемејства( на 1 лице му престана згрижувањето во месец август 2024г)

## 3.2. Социјални проблеми и идентификувани ранливи групи во општината

Како дел од процесот на стратешко планирање на социјално-заштитни активности на подрачјето на општина Неготино, од страна на Општинскиот совет за социјална заштита е извршена идентификација на потребите на најранливите групи граѓани и мапирање на постоечките социјални проблеми.

За целите на мапирањето, покрај непосредните професионални сознанија со кои располагаат членовите на ова тело, користени се податоци и од други извори добиени преку примена на повеќе методи и техники користени се: анализа на содржина на статистички податоци, евиденции и секундарни извори на

податоци (извештаи, резултати од претходно спроведени истражувања, програми и сл.)и квалитативни техники кои се подетално претставени во Прилог 3.

Во текстот што следува ќе бидат претставени карактеристиките на мапираните социјални проблеми и идентификуваните ранливи групи во општина Неготино.

### 3.2.1. Карактеристики на социјален проблем сиромаштија и ранлива група ромска заедница

Во општина Неготино 2,71% од вкупното население го сочинува населението од ромска националност кое во најголем број е застапено во селата Криволак, Црвени Бregови и Пепелиште. Исто така семејства од ромска национална припадност живеат во градот Неготино.

Најголем дел од ромското  население има низок социо-економски статус со потешкотии за вклучување во образованието и пазарот на трудот. Дел од нив се без образование или само со основно образование. Тие се соочуваат со проблемот на сиромаштија и неможност за задоволување на основните животни потреби, како и лоши услови за домување. Кај оваа ранлива група често се среќаваат многудетни семејства што дополнителни ги продлабочува проблемите со кои се соочуват. Во одредени случаи припадниците на ромската заедница имаат отежнат пристап до ресурсите во областа на образование, здравство, правен систем, детска и социјална заштита, култура и спорт. Исто така, ромската заедница се соочува и со проблемот на социјална исклученост, дискриминација и маргинализација. Како резултат на тоа, ромите имаат сиромашна социјална мрежа. И возрасните лица и децата најчесто се упатени на меѓусебно дружење и социјализација.

Како резултат на наведеното, ромската заедница има потешкотии во задоволување на биолошките, психолошките и социјалните потреби. Социјалната помош не ги задоволува потребите на семејствата пред се во однос на обезбедување храна, облека, покривање режиски трошоци, квалитетно домување и др. Животот во субстандардни услови, во мал простор во кој истовремено се престојува преку ден и навечер се спие, го нарушува задоволувањето на потребите за одмор и сон. Нехигиената која најчесто се јавува како резултат на лошите услови за живот, негативно се одразува врз физичкото здравје пред се на децата. Децата се загрозени и од аспект на вклученост во воспитно-образовниот процес. Ниска е стапката на деца роми кои користат услуги на згрижување во детска градинка. Исто така, и покрај тоа што децата се запишуваат на училиште,

поголемиот дел од нив не посетуваат редовно и како последица на тоа остваруваат послаб успех. Слабиот успех се должи и на непостоењето на дополнителна поддршка преку услуги во заедницата, неповолните услови за живеење и учење дома, како и нискиот образовен статус на родителите кои поради тоа не се во можност да им помогнат на децата.

Во однос на образовниот процес и вклученоста на ромското население во истиот како школо се забележува проблем . во ООУ. Страшо Пинџур Неготино околу 20% од вкупниот број ученици , се ученици од ромската заедница. Сите комплетно се опфатени во самиот образовен систем но нивната посета на наставата и часевите не се во задоволителни рамки. Ова посебно се гледа кај учениците од 6 до 9 одд.Статистички оваа група опфаќа најголем број изостаноци и истите покажуваат слаб успех со често повторување на одделенијата, надминуваат возраст со што и многу често остануваат без основното образование. Соочувајќи се со овој проблем активирани се сите расположливи мерки како што се : групно и индивидуално советување на учениците и нивните родители со цел подигање на свеста за значењето на образованието, ангажирање на образовен медијатор кој активно работи на терен со постојана координација со стручната служба на училиштето, спроведен проект за туторство на ученици од оваа група, безплатен превоз и сл.

Целокупната социјална ситуација во која се наоѓа дел од ромската заедница придонесува кон појава и на други социјални проблеми покрај сиромаштијата и невработеноста, пред се поврзани со девијантни однесувања. За ромската заедница е карактеристично и раното стапување во брак, односно малолетничките бракови со што доаѓа до меѓу-генерациско пренесување на проблемите и нивна мултипликација.

Со самото подигање на степенот на образование бисе превениралопотенцијалното јавување на деликвенција и девијантни појави кај истите!

Согласно акцискиот план на ЦСР Неготино - АктивностаОтворенидeновинасоцијалназаштитае реализиранавопериодотодмај 2024годинадодекември 2024годинанатериторијатанаНеготино и ДемирКапија, какоивоканцеларијатазаинклузијанаРомите(Ромалитико)восоработкасоодговорн ителицавомесеците јуни,јули,септември и декември.

Како особено ранливи се истакнуваат припадниците на ромската популација кои немаат државјанство познати како фантоми (лица без документи) заради што целосно се исклучени од правниот систем и можностите за користење на права од социјална, детска и здравствена заштита. По стапувањето на сила на Законот на неевидентираните лица во матичната книга на родени во нашиот град НВОРомалитико обезбеди лични документи за едно лице а на ниво на регион 30 .

### 3.2.2. Карактеристики на социјален проблемпопулациони промени и ранлива група стари лица

Како резултат на популационите промени, како што се емиграциите и внатрешните миграции на помладото население, проследени со природниот процес на демографско стареење на населението, старите лице се повеќе се препознаваат како ранлива група во општина Неготино. Оваа ранлива група е присутна како во градот Неготино, така и во селата на подрачјето на општината.

Старите лица се соочуваат со различни тешкотии во секојдневното живеење предизвикани од различни причини: недостаток на неформална семејна грижа, здравствени проблеми, социјална изолација и осаменост. Како резултат на тоа им недостига помош и поддршка како во вршењето на основните активности од секојдневниот живот (одржување лична хигиена, облекување, самостојно користење тоалет, мобилност во домот и слично), така и во вршењето на инструменталните активности од секојдневниот живот (чистење, поправки, перење, готвење, купување продукти, надворешна мобилност, земање медицинска терапија и други слични активности). Од овие причини се издвои како приоритет услуга за асистенција за стари лица во домашни услови што беше препозната од страна на УНДП и поддржана од 2022 година се до денес.

Старите лица не се соочуваат со поголеми негативни реакции од страна на средината како што се дискриминација и стигматизација. Сепак, старите лица кои живеат во проширени домаќинства се чувствуваат занемарени во задоволувањето на нивните потреби, затоа што во услови на ограничени финансиски ресурси предност се дава на помладите членови од семејството.

Проблемите се особено изразени кај старите лица кои живеат сами или само со брачниот партнер заради евидентниот недостаток на социјални услуги со кои ќе им се овозможи помош и поддршка во остварувањето на активностите од секојдневното живеење. Во општината има приватна установа дом за стари лица меѓутоа капацитетите се ограничени и голем дел од лицата не може да обезбедат

финансиски средства за сместување со оглед на тоа што надоместокот за покривање на трошоците за давање на услугата се наплаќа од корисниците.

На подрачјето на општината делуваат две здруженија на пензионери:Клуб на пензионери Анри Динан при ОО Црвен Крст –Неготино и Здружение на пензионери –Неготинијанакои обезбедуваат активна социјална интеракција за пензионерите-стари лица преку организирање изложби, ексурзии, прошетки, промоции на книги и меѓуопштинска соработка со други здруженија на пензионери. Од Здружението на пензионери Анри Динан организираат добротворни акции за донирање на облека, мебел, обувки за стари, немоќни и болни лица кои се во многу тешка состојба, а нема кој да се грижи за нив. Здружението на пензионери им помага на старите лица и со еднократна финансиска помош во случај на итна потреба.

### 3.2.3. Карактеристики на социјален проблем зависност од алкохол ,коцка ,дрога и ранлива група - деца пробатори и зависници од алкохол,коцка ,дрога и возрасни зависници од алкохол,коцка дрога

Еден од социјалните проблеми мапирани во општина Неготино е зависноста од алкохол. Општина Неготино е сместена во поднебјето на Тиквешијата за која е карактеристична толеранција од страна на населението кон конзумирање алкохол кој се произведува и во домашни услови. Тоа често води кон несогледување на сериозноста на проблемот и последиците кои ги предизвикува, особено кај младите лица. Традиционално алкохолизмот бил најзастапен меѓу мажите, но во последниот период се јавува и како проблем кај женската популација.

Проблемот на болеста на зависност од алкохол е сепак сериозно изразен и покрај недоволната препознаеност од страна на локалното население за што постојат релевантни податоци.

Во 2009 година психијатриската служба при ЈЗУ Здравствен Дом - Неготино спровела анонимна анкета со ученици од седдмо и осмо одделение при основните училишта во Неготино и Демир Капија во врска со знаењата за штетноста на алкохолот и дрогите. Добиените сознанија покажале дека 90% од учениците имаат пробано алкохолни пијалоци. Притоа, констатирано е дека најголем дел од учениците имаат недоволни и погрешни сфаќања во врска со злоупотребата на алкохол, како и во врска со мехнизмите кои им стојат на

располагање за помош и поддршка во случај на прекумерна употреба на алкохол и интоксикација.

Во евиденцијата на ЈЗУ Здравствен Дом Неготино за 2024 година се регистрирани 39 лица зависници од алкохол кои побарале помош. Согласно податоците добиени од ОВР Неготино - полициска станица Неготино, во текот на 2019 година санкционирани се 233 возачи кои управувале моторно возило под дејство на алкохол, што дополнително укажува на распространетоста на оваа појава. Во 2020 година Основниот суд Неготино година донел решенија за четири лица од општина Неготино за задолжително лекување и третман од алкохолизам.

И покрај присутноста на проблемот, има недостаток на активности за социјална превенција, како и соодветни социјални услуги за лица пробатори и зависници од алкохол. Имено, во склоп на ЈЗУ Здравствен Дом - Неготино од 2006 година до 2011 година функционирал клуб на лекувани алкохоличари Св. Петка, но поради недостаток на финансиски средства и поддршка од заедницата престанал со работа.

Појавата на алкохолизмот често води кон нарушување на брачните, родителските и семејните односи и семејна дезорганизација. Зависниците од алкохол често покажуваат емоционална и социјална незрелост, не ја превземаат одговорноста за задоволување на своите лични и потребите на семејството, запаѓаат во долгови, немаат одговорно родителствување, неефикасни се во работниот процес поради што се соочуваат со проблемот на невработеност, тешко склопуваат и одржуваат пријателства.

Дел од лицата хронично зависни од алкохол живеат сами, имаат ограничени социјални контакти со заедницата кои се сведуваат на дружење најчесто со други зависници од алкохол, а воедно се избегнувани и исмејувани од локалното население. Зависноста често резултира и со склоност кон агресија и конфликти со средината.

Покрај горенаведените зависности постои и зависност од телефони (номофобија), екранизам...Иако зависноста од телефони не е сеуште официјално класифицирана како дијагноза, сепак истражувањата а и тоа што го гледаме во секојдневната работа покажува дека некои луѓе можат да развијат и развиваат проблематична склоност кон употребата на моб.тел.што секако негативно влијае на секојдневниот живот и функционирање, како и на психофизичката и социјалната благосостојбаТука секако би се вметнал и екранизмот како уште покомплексно нарушување кај децата. Има голема потреба да се актуелизираат овие проблематики се со цел превенција од истите бидејќи секако

решавањето на нивните последици е покомплексно и посложено од самата превенција.Секоја од овие наведени зависности да е под своја точка бидејќи има посебен раст и развој кон самата зависност и посебни специфики кои произлегуваат од истата.Иако често се сретнуваат случаеви каде што една од зависностите е базична а потоа се накалемуваат и развиваат и останатите со динамика во зависност од возраста и условите на поединците.

Општинскиот совет за социјална заштита ја увиде оваа потреба односно појава на зависност кај децата -екранизам за таа цел во октомври 2024 година направи одржана трибина во соработка ЈУОДГ ФемоКулаков и подршка на Општината на која присутвуваа родители на темата Екранизам -Влијанието на технологијата врз развојот на децата.

***Предлог-превенција работилници со родители тема екранизам,предавања по основните училишта и градинките.***

### 3.2.4. Карактеристики на социјален проблем социјална исклученост и ранлива група - деца и возрасни лица со телесна, интелектуална и ментална попреченост

Појавата, опсегот и карактеристиките на проблемот на социјална исклученост на лицата со попреченост се условени од видот на попреченоста и возраста на лицата со попреченост. Поради тоа, фокусот на анализата се става на социјалните тешкотии на неколку подгрупи на лица со попреченост:

- **Возрасни лица со интелектуална попреченост**

Како посебно ранлива подгрупа треба да се истакнат возрасните лица со интелектуална попреченост кои живеат во биолошки семејства во градска и рурална средина. Потешкотиите во секојдневното живеење предизвикани од здравствената и социјалната состојба на овие лица се пренесуваат и на семејствата, а проблемот добива на значење особено ако се има предвид дека бројот на лица со интелектуална попреченост над 18 години е многу поголем од бројот на деца до 18 годишна возраст. Еден член од семејството вообичаено се грижи за зависното лице поради што не може активно да се вклучи на пазарот на трудот и квалитетно да ги задоволува своите социјални и психолошки потреби. Родителите на овие

лица се оптоварени и со чувства на страв и неизвесност во однос на грижата за нивните деца кога тие нема да може да се грижат за нив заради старост или после нивната смрт. Во вакви случаи, најчесто за нив се грижат сестрите и браќата што за нив претставува дополнително оптоварување, бидејќи тие веќе имаат формирано свои семејства.

ЦПЛМХ "ПОРАКА НЕГОТИНО" – НЕГОТИНО е давателна услугата Организираноживеењесоподдршкаво Неготино и Скопје навозрасни лицасоумерена и тешкапопреченост. Услугата ја даваат навкупно 102 корисници во Неготино и Скопје. Во Неготино се сместени 53 лица во единаесетстанбениединици.

Вклучени се 5 корисници во одржување на хигиената на градот.Од ЈПКомуналец се одредува регион за кој се задолжени да ги одржуваат.Со оваа активност се дава придонес во заедницата кон подобрување на инклузијата развој на социјално претприемништво преку учество на различни манифестации како што беше учеството на корисниците наВториот регионален саем на социјални претпријатија од Вардарски плански регион за поддршка на социјално претприемништво во рамки наПроектот „Поддршка на социјално претприемништво", поддржан од Европската Унија, а реализиран од Ептиса, во конзорциум со Барка и Екорис, во соработка со Министерството за труд и социјална политика и Општина Неготино преку ВПР каде покрај 21 здружение од ВПР(повеќе општини ) учествуваа и со свои изработки и музички точки и корисниците на ЦПЛМХ "ПОРАКА НЕГОТИНО

На подрачјето на општина Неготино функционира Дневен центар за возрасни лица со интелектуална попреченост менаџиран од страна на ЦПЛМХ "ПОРАКА НЕГОТИНО" - НЕГОТИНО. Со користење на дневните социјални услуги во овој центар се овозможува социјална интеграција на овие лица, а во исто време се ослободува членот на семејството кој се грижи за зависното лице. Сепак, заради непостоење на стабилни извори на финансирање, услугите во дневниот центар не се даваат на корисниците и по неколку месеци во годината. Нивните услуги ги користат корисниците кои се дел од процесот на деинституционализација и повремено корисници кои живеат во биолошките семејства. Дневниот Центар не е финансиски поддржан за покривање на режиските трошоци и нема вработено посебно лица за работа во истиот. Овие проблеми се посебно изразени во зимскиот период заради недостаток на средства за покривање на трошоците за затоплувањето.

.

- **Деца со пречки во развојот**

И покрај постоењето на одредени форми на вонсемејна заштита за лица со попреченост, во општина Неготино сеуште е присутен проблемот на социјална исклученост на децата со пречки во развојот. Проблемот ги зафаќа подеднакво децата кои се дел од малите групни домови и децата кои живеат во биолошки семејства. Тие се соочуваат со ограничен пристап до ресурси, права и услуги што им се неопходни за рамноправно учество во општеството, а често се дискриминирани и стигматизирани поради недоволна информираност на локалното население.

Семејствата со деца со пречки во развојот имаат релативно низок социо-економски статус како резултат на големите трошоци поврзани со негата, третманот, терапијата и лекувањето на децата. Состојбата на децата со текот на времето ги исцрпува семејните ресурси и резултира со неможност за целосно задоволување на биолошките, социјалните и психолошките потреби и на другите членови на семејството. Појавата на попреченоста во семејството влијае и врз структурата на семејните односи и улогата на родителите во грижата за домот и семејството. Имено, во најголем дел од случаите, за децата се грижи мајката која е носител на целокупната неформална заштита во семејството без соодветна поддршка од социјални и здравствени услуги во заедницата. Поради ваквата ситуација, проблемот на социјална изолација и невработеност на мајката се наметнува како пропратен проблем на посточката состојба поврзана со децата со попреченост.

Целокупната состојба ја отежнува недостатокот на механизми за рана проценка на отстапувањата во развојот заради што нема ран третман и интервенција кај децата родени со фактор на ризик. Многу често родителите во таква ситуација не знаат што треба да прават, каде прво да се обратат и најчесто се препраќани од една до друга установа што ја отежнува нивната состојба и оневозможува рано постапување.

Од 2018 година во рамките на Програмата за општинско-корисна работа се започна со реализација на услугата на образовна асистенција за децата со пречки во развојот. Сепак, бројот на асистенти кој е различен секоја година заради што се губи континуитетот во давањето на услугата е недоволен,

Исто така, потребно е да се развие услугата на воспитна асистенција заради зголемување на бројот на деца со пречки во развојот кои посетуваат предучилишни установи.

Сoновитезаконскиизмени, посебнатапаралелкавоООУ,,Страшо Пинџур“-НеготинопрераснувавоЦентарзаподдршканаучењетонадецатасопопреченостнатериторијатанаОпштинаНеготино, соштосеобезбедуваинклузијанаситеученицикоиштоимаатодреденипотешкотии. ТиегикористатуслугитенаЦентаротдобиваатподдршказаучење, личенразвој и индивидуалнанадградба.Воучилиштето е опремена сензорнасоба и една помошна просторија.ВоработатанаЦентаротработат1дефектолог-наставник и 1специјаленедукатор и рехабилитатор кои прекуприменанасовремениметоди и техникизаедукација и рехабилитација, работатсоучениците сопопреченост, соцелдасепостигнемаксималенпотенцијалзанивноактивноучествовоопштеството. методите и техникитесеприлагоденинаиндивидуалнитепотребинаучениците, вклучувајќиприменанаинклузивниобразовнипрактики и активностикоипоттикнуваатактивностнаситесетила. Работатасебазиранапрепоракитеодсистемотзапроценканафункционалнитеспособности (МКФ), соштосеобезбедувацелосен и холистичкипристапвоподдршкатанаучениците.Заучениците коиимаатспецифични потреби, секористатмодифициранинаставнипрограмикоисеприлагоденинанивнитекапацитети. Едуцираниотнаставенкадаргиподдржуваучениците вонивниотобразовеннапредок, осигурувајќиперсонализиранапомош.Исто така се организираатгрупниактивностизаразвојнасоцијалните и когнитивнивештини, како и заподобрувањенатимскатасоработкапомеѓуучениците.Центаротзаподдршкаактивносоработувасонаставниоткадар, родителите и локалнатазаедница. Се организираатредовниобукизанаставницитесоцелдасеподигненивнатасвест и дасеунапрединивнотознаењезаработатасоученицисопопреченост, исто такасеобезбедуваконтинуиранаподдршказародителитевопроцесотнавоспитување и образованиенанивнитедеца. ЦелокупнатацелнаЦентаротзаподдршканаучењето е даобезбедиквалитетнообразованиезаситеученици, безразликананивнитеиндивидуалнипотреби, и дапоттикнепоголемаинтеграција и поддршкавообразовниотпроцесзаучениците сопопреченост.

Децата со пречки во развојот имаат ограничени социјални контакти, најчесто со најблиските членови на семејството, роднини и соседи. Како резултат на недостатокот на социјални и други културни услуги во заедницата прилагодени на нивните потреби, тие најчесто се социјално исклучени од општтствениот живот во заедницата.

Благодарение на сите превземени активности за поддршка и помош на овие лица во голема мера е подобрена нивната секојдневна функционалност во однос на поддршката што ја имаат во домот,со личната асистенција, поддршката што ја добиваат во училиштето со вклучувањето на образовните и личните асистенти и сл.Сепак потребата е и се уште голем предизвик во поглед на социјалниот проблем е не постои социјална интеграција или истата е многу ограничена.Случајот со исклучената ученичка во Средното уметничко училиште во друга општина односно исклучување на нејзините уметнички дела од изложба укажува на недоволна сензибилизација генерално и постоење дискриминаторски практики во заедницата.Ваквите ситуации претставуваат повреда на принципите на еднаквост и инклузија и директно влијаат врз правото на лицата со попреченост на еднаков пристап до образовани,културни и јавни активности.Ова е изолиран случај но бидејќи ученичката е “дете на целата заедница ‘со сите важни чинители врз ова искуство потребно е и на локално и регионално и национално ниво воспоставување системски мерки за промовирање на инклузивни практики,спроведување на континуирани обуки за наставниот кадар,институциите и јавните службеници за препознавање и спречување на дискриминацијата и стигматизирањетои обезбедување активна поддршка и еднакво вклучување на лицата со попреност во сите јавни настани и програми за навистина никогаш да не се повтори и почитувајќи го мотото на ученичката „Силата е во љубезноста “Ова е поттик и ние во социјалниот план да ги зајакниме политиките на социјална инклузија и да создадиме услови за поголема чувствителност и почитување на различностите во заедницата.

Би било повеќе од корисно од отварање на центри(или Дом за хуманитарни организации)каде што тие би можеле взаемно да се дружат , да учат вештини, да ја унапредуваат својата самодоверба , да осознаат дека не се изолирани случаеви и сами, места каде што ќе можат по пат на лични примери да разменуваат искуства , да се мотивираат и напредуваат...Исто така тие места би им пружале поддршка и на родителите или членови на семејствата, се со цел давање на адекватни насоки

,техники и алатки за полесно справување во секојдневната борба на сите предизвици кои што секојдневно ги поминуваат.

Потребно е развивање на услугата на семеен асистент кој помеѓу другото би одговорил на различни социјални проблеми особено во делот на социјалната исклученост и дезорганизација.

- **Лица со телесна попреченост**

Лицата со телесна попреченост исто така се соочуваат со проблемот на социјална исклученост и недоволна социјална интеграција во општествениот живот на локалната заедница. Тоа најчесто се должи на бариерите коишто се јавуваат заради попреченоста и ги оневозможуваат во секојдневното социјално функционирање и задоволување на нивните потреби. Во градот Неготино има обележани 5 паркинг места за лица со попреченост и многу често лицата кои управуваат со автоматски или полуавтоматски возила имаат места за паркинг, кои треба да бидат во поголем број за дополнително во поголем број можат да посетуваат социјални манифестации, прошетки и случувања во градот3 кои во одредена црвена боја како знак на солидарноста се обоени со цел тие парични средства од надоместоците за паркинг да се користат за хумани цели од куманите граѓани со користење на услугата на паркирањето токму на тие паркинг места.

Пристапноста во јавните установи, а со тоа и можноста за остварување на права исто така е ограничена заради немање на пристапни рампи за лицата со телесна попреченост. Заради надминување на оваа неповолна ситуација, со поддршка на Канцеларијата на УНДП во Скопје, беше изработено мапирање на градот во коешто се наведени сите пристапни и непристапни места во општината.Обезбедна е пристапна рампа кон Општина Неготино но е потребна полесна пристапност со обезбедување на лифт во самата општинска зграда како и пристапност до сите институции со рампи каде се уште нема вградено надворешни и внатрешни рампи.Исто така во 2021 година се предложи проект од страна на Иницијативата “И јас сум дел -Здружение на Млади правници“ со точно мапирање на ситеинситуции кои имаат или немаат рампи за пристапност дали внатрешни или надворешни и укажување на потребата од истите како и потребата како решение за спуштање соодветно на тротоарите по улицата во централното градско подрачје за потребите на лица /организации со лица со попречености,лица со тешка подвижност поради различни телесни повреди и отежнато движење како и родители со колички со бебиња и мали деца и стари лица кои имаат отежнато движење како и граѓани/ки со колички за пазарување.

Потребни се и „ракофати и секој вид на пристапна инфраструктура во заедницата',како и лифт во локалната самоуправа за да им се овозможи на сите граѓани можност и олеснување во функционирањето.

За лицата со телесна попреченост во општина Неготино се обезбедува услугата лична асистенција од страна на лиценциран провајдер – Црвен крст Неготино. Исто така, Црвениот крст во Неготино е и единствената организација на подрачјето на општината која е верифицирана од Центарот за образование на возрасни лица за обука на лични асистенти. Преку истата обучени и сертифицирани се вкупно 19 лични асистенти. Во месец ноември 2020 година активни се 10 асистенти кои даваат услуги на вкупно 12 корисници.

Услугата лична асистенција опфаќа индивидуална помош и поддршка за лица од 18 до 65 годишна возраст, со намален функционален капацитет, со цел да се овозможи независно и самостојно живеење, активно и рамноправно учество во заедницата, како и вршење на секојдневни активности, кои лице без попреченост вообичаено ги врши без поддршка. Личната асистенција вклучува: помош и поддршка во вршење основни и инструментални активности од секојдневниот живот, помош и поддршка на работното место, образовните институции, центрите за рехабилитација, помош и поддршка во зедницата и други активности од интерес на лицето, до 80 часа месечно. Корисници на услугата се лица со потешка и најтешка телесна попреченост и потполно слепи лица.

Услугата се користи преку ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Неготино кој како јавна установа со јавни овластувања одлучува за остварување на правата кои се финансираат од државниот буџет. Иако не постои законска пречка, дел од лицата со попреченост заради недоволна информираност не ја користат услугата сметајќи дека ќе ги изгубат другите, пред се правата на парична помош од системот на социјална заштита.

- -**Лица со ментална попреченост**

Бројот на лица со ментална попреченост е во постојан пораст на подрачјето на општина Неготино. Според податоците од психијатриска амбуланта при ЈЗУ Здравствен дом Неготино

во 2024 година се регистрирани 147 пациенти соментална попреченост кои побарале лекарска услуга.

Лицата со ментална попреченост се најзагрозена ранлива група од аспект на незадоволеност на сите потреби: биолошки, социјални и психолошки. Најголем дел од нив имаат низок-социо економски статус, ниско образование и се невработени лица. Исто така, многу често не одржуваат лична хигиена, запуштено се облекуваат, социјално се изолирани, може да иматпараноидни идеи, халуцинации, сметаат дека и нивните блиски лица сакаат да им наштетат и слично. Голем дел од нив не живеат во семејни заедници или имаат нарушени семејни односи, а дел од нив се соочуваат и со проблемот на домување. Најчесто се јавуваат како корисници на парична помош во системот за социјална заштита, затоа што за нив не се развиени никакви социјални услуги ниту на општинско ниту на регионално ниво. Со оглед на здравствената состојба тие најчесто имаат потреба од асистени или надзорници кои ќе им помагаат во вршењето на секојдневните активности и земањето на редовната терапија.

Лицата со ментална попреченост се изложени на директна и индиректна дискриминација, стигматизација и предрасуди од средината. Како резултат на тоа, имаат ограничени здрави односи со жителите на општината, од кои најчесто се одбегнувани и исмејувани. Сето тоа наметнува алармантна потреба за подигнување на јавната свест за менталната болест која прераснува во сериозен здравствен и социјален проблем, развивање на социјални услуги за оспособување за самостоен живот, мерки за вклучување на пазарот на трудот. Во исто време, потребни се и социјални услуги за советување и поддршка на семејствата кои имаат член лице со ментална попреченост.

Клучни факти и показатели на глобално ниво: • Депресијата е најраспростанетоментално растројство, т.е. болест, а не карактерна слабост, која може да му се случи секому. •

Депресијата е една од водечките причини за инвалидитет и влошување на здравственатасостојба на луѓето во светот. • На глобално ниво, повеќе од 300 милиони луѓе, (т.е. 322милиона) од сите возрасти, страдаат од депресија, што е еквивалентно на 4.4% од светскатапопулација. • Депресијата е почеста кај жените (5.1%) отколку кај мажите (3.6%) во вкупнатасветска популација. • 3% од вкупните здравствени трошоци во светот одат за подобрување на

менталното здравје на луѓето. • Во најлош случај, депресијата може да доведе досамоубиство.

Бројот на лица со ментално растројство-депресија е во постојан пораст на подрачјето на општина Неготино. Според податоците од психијатриска амбуланта при ЈЗУ Здравствен дом Неготино

во 2024 година се регистрирани 122 пациенти со депресија кои побарале психијатриска услуга.

Што е депресија?

Депресијата е психичко нарушување кое се карактеризира со постојано чувство на тага, губење интерес и енергија, намалена мотивација и нарушувања во секојдневното функционирање. Не е само „лошо расположение“, туку сериозно здравствено состојба која влијае на мислите, емоциите и телото. Депресијата може да доведе до самоубиство.

**ПРИЧИНИТЕЛИ И ФАКТОРИ**: Лицата кои се депресивни често се прашуваат што ја предизвикало нивната депресија. Ретко се случува само еден фактор да биде причинител на депресија.

Акутната оптовареност и стресот, загубата или смрт на сакана личност, разочарувања понижувања, тешки приспособувања на нови животни околности (венчавка, селидба, заминување во пензија, проблеми со здравјето), тешки животни искуства (злоставувања, здравствена и физичка загрозеност), како и генетска предиспонираност може да бидат причини за депресија. Најчесто се случува лицата во текот на долгогодишен период да биле изложени на стрес и само една случка придонела „капката да ја прелие чашата“, по што дошло до бурна манифестација на депресијата.

Депресијата како социјален здравствен проблем

Депресијата не го засега само поединецот, туку има и пошироки општествени последици:

☐ го намалува квалитетот на живот,

☐ влијае врз семејството и околината,

☐ води кон намалена работоспособност,

☐ придонесува кон економски загуби за општеството.

Затоа депресијата се смета за значаен социјален-здравствен проблем.

Иако депресивната личност и нејзините блиски се соочуваат со тежок проблем, и понатаму се присутни предрасуди на непризнавање на нејзиното постоење и се избегнува стручна помош. Понекогаш симптомите на депресија не се препознаваат, па се поврзуваат со неповолните животни околности, а лицето чека

проблемот да се намали и сам од себе да помине. Ваквото однесување води до продлабочувања на депресијата и отежнато надминување.

***Со цел да му се овозможи поддршка на болните од депресија и нивните семејства може да се формират групи за самопомош на болните од депресија и нивните семејства,како и телефонска поддршка сос за оваа намена.***

**Нарушување на менталното здравје како резултат на губење на блиска личност поради смрт**.Во различни возрасни периоди кај лицата кои изгубиле блиска личност неможат да се справат со тажната состојба која е настаната и кај лицето доагаат до различни обрасци на нарушување на менталното здравје (ансиозност,страв,депресија ,повлекување ,изолација итн)

Воспоставување на групи за самопомош -помеѓу лица кои изгубиле член од семејството без разлика на возраст дали млади или возрасни деца и самопомош помеѓу лица кои посегнале по својот живот а сега се соочуваат со последиците од тоа со желба за повторна поуспешна социјализација во нормалното живеење колку што е возможно би била една можност од превентивен карактер за намалување на опасноста од нарушеното здравје и продлабочување на истата.

**Психолошки нарушувања во исхраната Анорексија и булимија**- се сериозни психолошки нарушувања во исхраната со ,кај анорексијата(упорно ограничување на храната,интезивен страв од дебелеење,искривена слика за сопственото тело ) и кај булимијата(епизоди на прејадуванње -јадење големи количини на храна за кратко време по што следи компензаторнооднесување,голема загриженост за тежината и изгледот).Последиците кои ги предизвикуваат овие сериозни нарушувања сериозни срцеви аритмии,оштетување на органите за дигестија ,нарушување на метаболизмот и психилошки нарушувања -анксиозност,депресија и ризик од самоповредување .Овие нарушувања предизвикуваат сериозни социјални и здравствени проблеми особено кај младата популација.Тие доведуваат до психички и физички последици ,социјална изолација,нарушување на семејните односи и можат да имаат фатален исход доколку на време не се реагира.Во општината недостигаат превентивни програми,советувалишта и систем за поддршка на лицата кои се соочуваат со вакви нарушувања. Во насока на целите (превенција и рано препознавање во нарушување во исхраната,обезбедување социјална и психосоцијална поддршка за лица со анорексија и булимија и нивните семејства јакнење на институционаланата соработка за подобра координација на услугите)преку активности (организирање на едукативни

кампањи,формирање на општинско советувалиште /пункт за псисохосоцијална поддршка ,формирање на групи за самопомош,советувањеи поддршка на семејствата преку психолози и социјални работници ,соработка на ОССЗ вмрежување и со Центрите за социјална работа ,училишта,здравствени установи и НВО за воспоставување на локален протоколза рана интервенција итн може да се постигне значителен успех во очекуваните резултати -зголемена свест кај младите и возрасните за ризииците од анорексија и булимија,навремено препознавање на првите симптоми и упатување кон стручна помош,намалување на социјалната изолација и психолошки последици кај засегнатите лица,подобрен квалитет на живот и поддршка на семејствата и зајакната координација помеѓу инситутуциите за подобра заштита и поддршка на ланливите категории.

### 3.2.5. Карактеристики на социјален проблем насилство и ранлива група - жртви на семејно насилство

Проблемот на семејно насилство е присутен на подрачјето на општина Неготино. Сепак, неговиот обем и распространетост е тешко да се утврди врз основа на податоците со кои располагаат релевантните институции. Согласно податоците на ЈУ МЦСР Неготино во 2023 се евидентирани вкупно 40 пријави (жени-29,мажи-9,деца (машко и девојче)-2)за семејно насилство, додека во текот на 2024 година -43пријави(жени -32,мажи-5 и деца -6(3 момчиња и 3 девојчиња). Анализата на податоците од  година покажува дека најголем број од жртвите се жени, сторителите се брачни партнери, поранешни брачни или вонбрачни партнери, а формата во која се појавува пријавенотото насилство најчесто е физичко насилство (но секако се појавува со оглед на порастот на кривичните пријави на жртви на семејно насилство и тоа два пати повеќе од 2019/2020 година -сега во пријавите има и жртви на семејно насилство мажи и деца.Може да се заклучи и дека за овој социјален проблем кој е во зголемување жртвите се одважуваат  да пријават и не молчат.

Ваквата состојба на делумноста во пријавување  на семејното насилство се должи на неколку фактори: во општина Неготино сеуште се актуелни традиционалните односи и сфаќања според кои односите во семејството се приватна работа меѓу членовите кои треба да се решаваат во кругот на семејството, особено кај повозрасната популација; жртвите кои најчесто се жени сметаат дека насилството треба да се трпи со цел одржување на заедничкото домаќинство и одгледување на децата; општината има мал број на жители кои воглавно се познаваат меѓусебе и проблемот не се пријавува заради срам и осуда од средината; толеранцијата кон алкохолот како културна практика која е карактеристична за подрачјето на Тиквешијата ја засилува појавата на овој проблем; недостатокот на социјални услуги, пред се центри за привремен престој на жртвите на семејно насилство влева недоверба во системот и уверување дека не може да им се помогне.

Најголем дел од жените жртви на семејно насилство се со завршено средно образование.Дел од нив се вработени, а дел невработени што ги прави и економски зависни, најчесто се во брак кои, и покрај актот на насилство, остануваат да живеат во домот на сторителот, бидејќи немаат каде да одат. Тие најчесто немаат свој имот (куќа, стан поради традиционалните норми и потребата од зголемување на свеста дека при поделбата на имотот ,право на имот на родителите има и женското дете кое не е само „туѓа стреа’) каде би престојувала како за време на траењето на изречените мерки за помош и заштита од семејно насилство, така и по истекот на мерките. Привремено престојуваат кај родителите или пријатели, но таквата ситуација е неиздржлива на долг рок, поради што

бараат изречените мерки да се укинат, се враќаат во домот кај сторителот на насилството и ја продолжуваат брачната заедница.

Покрај билошките и социјалните потреби, жртвите на семејно насиство имаат незадоволени психолошки потреби како што се безбедност и сигурност, самостојност и контрола над животот, слобода, прифатеност, задоволство и исполнетост.

Во однос на постојните права во системот на заштита, жртвите имаат право на бесплатен здравствен преглед кој се врши во ЈЗУ Здравствен дом Неготино. Исто така, доколку жртвата не е вработена, се известува Центарот за вработувањезаради користење на активните мерки за вработување. Доколку жртвите имаат деца, во зависност од материјалната состојба, возраста и вклученоста во образовниот процес се обезбедува детски и образовен додаток, еднократна парична помош за жртвата и бесплатна правна помош.

Она што го прави проблемот на семејно насилство комплексен и тешко надминлив не се само директните последици од насилството, туку и другите пропратни социјални проблеми кои ја следат неговата појава: социјална исклученост, нарушување на семејните односи, алкохолизам, потешкотии за вклучување на пазарот на трудот и слично. Токму поради тоа, неопходно е развивање на мрежа на социјални услуги пред се центар за привремен престој на жртви на семејно насилство во кој ќе се обезбеди заштита и стручна помош на жртвите кои се наоѓаат во кризна состојба заради надминување на состојбата и нивна социјална интеграција. Ваквиот центар може да се отвори и на регионално ниво и да опслужува корисници од повеќе општини во регионот.

За таа цел во 2022 година во рамки на ВПР но како меѓуопштинска соработка за 4 општини Неготино Кавадарци Демир Капија и Росоман отворен е регионален центар за жрви на семејно насилство со седиште во Кавадарци .Трошоците за вработените ги покриваат сите 4 Општини сразмерно со бројот на жители на Општината и се пружаат услуги за психосоцијална и правна помош ,економско зајкување за жртвите од овие 4 општини. Но за да биде подостопна и видлива услугата потребен е простор во општина Неготино за прием барем два пати неделно каде Женскиот центар би вршел прием на жртвите за семејно насилство.Исто така во домен на овој Регионален Советувалиштен Центар во општина Кавадарци изградени се апартмани за интервентно сместување на жртви на семејно насилство,на лица кои се соочиле со елементарни непогоди во свои домови итн ,така што во овие интрвенти сместувања имаат можност да бидат

сместени и жители од Општина Неготино согласно соработката со останатите три општини во рамка на овој Регионален Советувалиштен Центар.

Како не помалку значаен социјален ризик на кој од превентивна улога треба да се обрни внимание е опасноста од појавата и зголемување на случаите од фемицид кои и регионално се случуваат.

**Фемицидот** како социјален проблем -убиство на жена поради нејзиниот род претставува еден од најтешките облици на родово базирано насилство/Тоа е крајна последица на системско и континуирано семејно партенрско или општествено насилство врз жените.Во последните години се евидентираат случаи и во нашата земја што ја нагласува потребатаод системски пристап за превенција и заштита.ризик фактори толеранција и минимирзирање на семејното и родовотонасилство,патријахални општествени норми и родови стереотипши,недоволна заштита и слаб институционале одговор недоверба на жение во институциите не недостаток на засолништа

Последици од ризик факторите се и причини се загуба на човечки животи и тајна траума за семејствата Нарушување на социјалната кохезијаи чувство на безбедност во заедницата Продлабочување на нееднаквоиста меѓу половите и исклучување на жените одопштествениот живот. Во поглед на ова главни цели би биле превенција и едукација,поддршка и заштита институционална координација ,рана интервенција поддршка за преживеаните,а како резултати од превзенати активности во врска целите кон фемицидот би било намалување на бројот на случаи на родово базиран насилство и фемицид,зголема безбедност и доверба во жените на жените во институциите и подобрена родова еднкавост и социјална кохезија во заедницата зголемена свест кај населението за нулта толеранција кон насислството.Не ретко генерално на државно ниво како резултат на насилство се појавуваат и убиства во меѓуроднински релации кои се нотирани во последниот период ,во Општина Неготино се превземаатапревентивни и едуцирачки активности од надлежните институции но потребна и е понатамошно зајакнување на истите Согласно акциски план на ЦСР Активностинатемата*Превенцијаодродовобазиранонасилствоисемејнонасилство*с еспроведенинанеколкуначини и тоана:25.11.2024г. во 11ч. и во 12ч. во СОУ Св. Кирил и Методиј Неготино релаизирани се две едукативни работилници-28.11.2024г. на градскиот пазар и плоштад во Неготино од страна на стручниот тим поделени се флаери на граѓаните со цел запознавање со поимите родово базирано насилство, семејно насилство и сл.

Значаен чекор кој охрабрува е најновата измена воКривичниот законик ,семејното насилство ќе се гони по службена должност,дури и без пријава на жртвата-ова е значаен чекор во заштитата на жртвите на семејно и родово базирано насилство бидејќи како исntитуции постапуваме веднаш кога ќе се дознае за случајот и со ова испраќаме порака дека насилството во било кој облик е неприфатливо.

### 3.2.6. Други социјални проблеми

Покрај горенаведените социјални проблеми кои се пошироко распространети во општина Неготино, членовите на Општинскиот совет за социјална заштита утврдија потреба да се посвети повеќе внимание на проблемите поврзани со дезорганизација на бракот и семејството, како и на социјалните проблеми на стечајните работници и другите невработени лица на возраст од 55-65 години, поради нивната локална важност и актуелност.

Другите социјални проблеми кои се детектирани овде ќе бидат нотирани поради превентивен момент со оглед на тоа дека според аналзиите не се случуваат и одразуваат во заедницата со конкретен лош импакт но од аспект на превентива се споменуваат следниве социјални појави кои може да продуцираат социјални ризици и проблеми

-**Врсничко насилство** (физичко ,психичко вербално или преку интернет  е се почеста појава кај децата и младите .Овој проблем има  негативно влијание врз нивниот психосоцијален развој,ја нарушува безбедната средина во училиптата и го намалува чувството на припадност кај младите.Во овој социјален план овој проблем би го напоменале од аспект на превентивен  карактер  и поддршка  во насока на рана интервенција,превенирање и спречување од случување,јакнење на заедницата со потикнување на врсничка поддршка и соработка на институциите и вмрежување што е  и императив на работата на Оссз Неготино.

Потребни се изготвувања на персонални досеа во училиштата од страна на стручните тимови со превентивен разговор со учениците два пати годишно како би се увиделе евентуални ризици промени и воопшто состојбата на ученикот во

насока на одржување на добрата правилна состојба учење растење и развивање како и решавање на ризиците кај ученикот доколку се утврди тоа.

Според Акцискиот план на ЈУМЦСР Неготино во 2024 година *Булинг–врсничконасилство*ереализирансоучениците и стручнатаслужбаодООУ Гоце Делчев и средноточилиштеСОУ Св. Кирил и Методиј во Неготиновомесец декември 2024г.
Превентивнаработа*со*малолетници-децаворизикидецавосудир*со*законотсереализиранисоучениците и стручнатаслужбаодООУ Гоце Делчев и средноточилиштеСОУ Св. Кирил и Методиј во Неготино.

Очекувани резултати -добра психосоцијална клима во училиштата зголемена свесност кај младите за негативните псоледици од насилството зајакната соработка меѓу семејствата училиштата и општината

### 3.2.6.1.Дезорганизација на бракот и семејството

Проблемот на дезорганизација на бракот и семејството се препознава како проблем во општина Неготино за кој не постојат механизми за спречување и надминување, особено ако се има во вид недостатокот на превентивни активности и програми за брак, живот во семејство и родителство.

Сознанијата од училиштата покажуваат дека дисфункционалните семејни односи имаат големо влијание врз успехот, поведението и социјализацијата кај децата. Тоа особено се одразува и кога формално се спроведува постапка за развод на брак и постапката за доверување на децата на чување и воспитување кај еден од родителите.

Според податоците од ЈУМЦСР Неготино бројот на бракоразводни постапки во кои се спровела постапка за мирење на брачните другари за 2024 година е 45случаи .Ако се земат во предвид дополнително и бракоразводните постапки на брачни партнери без деца или со деца над 18-годишна возраст како и традиционалните сфаќања за одржување на брачната и семејната заедница и

покрај дисфункционалните односи, тогаш неопходно се наметнува потребата од институционално делување и во оваа област. Тоа особено ако се има во предвид поврзаноста на семејните и брачните дисфункции со појавата на други социјални проблеми кај партнерите и членовите на семејството.Споредбено со претходните години 2018/2019 кога бројот на мировни постапки се движел помеѓу 20-30 случаи сега имаме пораст и во тој дел на овој социјален проблем.

На подрачјето на општина Неготино не се развиени социјални услуги на советување,односно советувалишта со програми за подготовка за брак,живот во семејство, планирање на семејство и родителство. Иако ЈУМЦСР Неготино реализира советувалишна и советодавна работа, како и мировна постапка во случај на развод на брак за партнери кои имаат деца до 18-годишна возраст, сепак недостига и специјализирано советувалиште во ќе се реализираат брачно/партнерски советувања и терапија за партнери со нарушени односи како и центри за позитивно родителство.

Детектирани моменталните недостатоци на кои што треба да се работи а тоа се: развивање на социјални услуги за советување, советувалиште со програми за подготовка за брак, живот во семејство, планирање на семејство и родителство.Специјализирано советувалиште за реализација на брачно/партнерски советувања и терапија за партнери со нарушени односи.

Како што е наведено овие сервиси за поддршка се потребни и потребата од нив е се поголема  а последиците кои произлегуваат од ваквите проблематики се инфилтрираат и гледаат во сите сегменти и во процесот на образование, здравство, органот за внатрешни работи,обвинителство и сл.

***Во поглед на овој социјален проблем потребна е и иновација во воведување на семејна асистенција(која се уште не е пропишана во нашето законодавство но била потенцирана како потреба и заклучок во работата на Советот на социјална заштита особено кога станува збор за дезорганизација на семејството од различни семејни,здравствени,социјални влијанија) која би му помогнала на семејствата со цел  да не дојде и до дезорганизација на самото семејство***

**3.2.6.2.Невработеност кај и други лица на возраст од 55-65 години**

Проблемот на невработеност во општина Неготино е најизразен кај возрасната група од 55-65 годишна возраст. На тоа укажуваат податоците од Центарот за вработување Неготино со состојба април 2025 година, според кои невработените лица од возрасната група од 55-65 годишна возраст претставуваат 27.8% од вкупниот број невработени активни баратели на работа. Бројот на невработени жени е 114 жени а на мажи 170 мажи.

Во најголем број случаи се работи за лица кои останале без работа со приватизацијата на претпријатијата како што се АД Фабриката за кабли Неготино, ВВ Повардарие, Силекс Кратово, Градежно друштвоГранит АД-Скопје или како резултат на престанок на работен однос поради стечај, технолошки вишок или ликвидација, која се случувала во 90-тите години на минатиот век.

Со оглед на возраста и здравствените проблеми кои се интензивираат со годините, овие лица имаат тешкотии да се вклучат на пазарот на трудот. Како резултат на тоа остануваат без работа и приходи за живот што се одразува врз сите аспекти на нивното живеење. Се соочуваат со загрозеност на биолошки, социјални и психолошки потреби.

Со оглед на состојбата на овие лица, потребно е лобирање со цел промена на законските услови за добивање на месечен паричен надоместок и форма за негово возобновување како законско решение бидејќи последната примена на законот со материјален надоместок до пензија последно беше во употреба во 2022 година , како и преземање на мерки и активности во системот на вработувањево рамки на Оперативен план на Агенцијата за Вработување кај оваа социјално ранлива категорија долгорочно невработени и тешко вработливи лица на пазар на труд особено во возрасната граница-55-65 години.

Тешко вработливи детектирани лица на пазар на труд се и лицата кои се стекнале со право на семејна пензија или надоместок кој го користи дете кое се образува но тие семејства се соочуваат со проблем доколку по загубата на член од семејството за жал децата не продолжуваат со образованието или сопружникот нема наполнето 50 години и на тој наќин тие покрај тешката можна вработливостсе соочуваат со ризик од сиромаштија а и тешката вработливост односно неможност за работа на жени или мажи во возрасната граница 56-65 години а и помлади доколку семејната пензија е единствениот извор на егзистенција а тие се работоспособни и за да не дојде до губење на правото на семејна пензија немаат право да стапат во друг работен однос а се работоспособни.Затоа го охрасбруваме и поддршуваме забрзувањето на најавениот Закон околу можноста за пензионираните лица или лица кои имаат одреден стекнат надоместок за

егзистенција да можат да работат со одредена пропишана законска форма во одредени области кои беа најавени како можност за вработување без опасноста од губење на горенаведените стекнати права а тие дополнително на оваа категорија наши сограѓани би им биле од големо олеснување дополнителен извор на егзистенција и секако плодна работна сатисфакција и потстрек до страсона пензија покрај можноста и за социјална пензија која се стекнува за лицата кои ги исполнуваат условите на 65 година возраст со пријава во Центарот за социјални работи.

## 4. Капацитети и расположливи социјални услуги

### 4.1. Институционални капацитети

**а)** ***Социјална заштита***:

- **Центарзасоцијалниработи -ЈУМЦСР -Неготино:** Центарот за социјална работа во Неготино е надлежен да постапува за подрачјето на две општини: Неготино и Демира Капија. Објектот на Центарот за социјална работа е делумно реновиран со обезбеден пристап за лица со попреченост. Располага со пет канцеларии и една остава.Работата е организирана во две служби од кои една за права на парична помош од социјална заштита и една за социјални услуги, како и оддел за административно-технички работи. Бројот на стручни работници вработени во Центарот за социјална работа е 19 од кои девет социјални работници,еденпсихолог,дваправници,два социолози ,еден педагог и два работника со виша социјална работа.
- **Центар завработување Неготино, Агенцијазавработување:**Центарот за вработување Неготино е сместен во самостоен објект со површина од 254,66m2 (внатрешна површина на деловниот објект од 332m2) во центарот на градот Неготино. Центарот за вработување располага со пет канцеларии и работен клуб во кој се вршат мотивациони обуки, обуки за подготовка за вработување и работа, презентација на активните мерки и програми дел од Оперативниот план на невработените лица и други активности. Во Центарот се вработени 6 лица и тоа: раководител,соработник за правни и административни работи - административен службеник,самостоен референт за финансиско работење,виш референт за услуга и подршка за вработување,виш референт

за шалтерски услуги статус административни службеници и помошно технички персонал хигиеничарка.

**-Услугиводомот:**Лична асистенција на лица со попречност и Нега и помош во домот –услуги кои се обезбедуваат во домовите на корисниците во соработка помеѓу ЈУМЦСР -Неготино и ОО Црвен крст Неготино, во времетраење од најмногу 80 часа месечно по корисник.

- **Услуги во домот "Помош и Нега во домот на стари лица .**Носител на програмата е Општина Неготино во соработка со УНДП во периодот од 2022 -2024 година) и во тековната 2025 година апликација за ОКР која е во процес на одлучување од страна на носителот на ОКР -Агенција за Вработување со Општина Неготино .Во периодот од 2022 -2024 година услугата се состоеше во 20 часовна неделна поддршка од страна на асистентки (активни баратели на пазар на труд)а во тек на оваа година 2025 апликацијата се однесува со новите услови за работа на 40 часовна неделна поддршка во домотна стари и изнемоштени лица од страна на ангажираните асистентки .

- **Центризасоцијалниуслугивозаедницата:**Дневен Центар за лица со интелектуална попреченост ЦПЛМХ ,,ПОРАКА НЕГОТИНО"– НЕГОТИНО,Дневен престој за лица за стари лица со активно стареење -во тек е реализација на оваа социјална услуга капацитет по Јавен повик на Министерство за социјална политика ,демографија и млади во соработка и апликација помеѓу Општина Неготино и ОО Црвен Крст -Неготино со кој се олеснува и подобрува и детектираниот и горенаведен социјален проблем во Социјалниот план на ОССЗ Неготино -популациони промени и ранлива категорија сограѓани-стари лица .На овој начин се спроведува една од наведените социјално заштитни активности и по овој социјален проблем што е и една од главните цели ,оправданост и улога на постоењето на Советот за социјална заштита како и негово функционирање и постоење во подобрување на социјалната карта на општината како локален форум кој покрај своето дискутирање предлози и насоки врши и оперативна имплементација преку институциите во рамки на конкретна испорака на социјална услуга во заедницата до сите свои граѓани како во конкретниот случај социјален проблем -популациони промени.

**-Услуги на вонсемејна заштита:**ЦПЛМХ ,,Порака Неготино"

и ЈУ СпецијалензаводДемирКапија – ОдделзаорганизираноживеењесоподдршкавозаедницитевоНеготино и с. Тимјаник

- **Домзастарилица:** Домзастарилица„Жана“Неготино, Дневен престој на стари лица со активно стареење
- **Клубови за стари лица:** Клуб на пензионери “Анри Динан”во склоп на Општинската организација на Црвен крст Неготино и Клуб на пензионери преку Здружение на пензионерки “Неготијана”
- **Домување на стари лица:** Здружение на пензионери - Неготинообезбедува услуги на домување во пензионерски дом и дел од зграда (8 стана)
- **Општински центар за социјални услуги** во рамките на Одделението за локален економски развој ЛЕР и Одделение за јавни дејности-социјална заштита во Општина Неготино
- **Другисоцијалниуслуги:**згрижувачки семејства,отворена Канцеларија на подрачно одделение на „Центар за поддршка на згрижувачки семејства при СОС Детско Село кое функционира регионално за Вардарски регион од 2025 година

-**Регионален Советувалиштен центар Визија Кавадарци**за жртви на семејно насилство

**Изградена е социјална зграда за домување во општина Неготино** со посредство на Министерство за транспорт и врски и препријатието АД за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор и ЦСР со изградени 62 стана за социјални ранливи категории на жители (изградена на територија на Општина Неготино)Социјалната зграда има вкупно 62 стана со површина од 35m² до 45m²,а планирана е изградба и на паркинг простор.Со изградбата на оваа зграда проблемот поврзан со домувањетого решија дел од примателите на социјална помош,лица со попреченост и самохрани родители.

-**Обезбедување на поголема пристапност** во поглед на изградба на околу 6-10 паркинг места кои од страна на ЈП Паркинзи Неготино се на располагање на жителите со телесна попреченост со ослободување на надоместокот кој што треба да платат со тоа тие имаат поголема можност да прошетаат да се социјализираат итн.

-**Спуштени прилагодени тротоари на главната централна улица низ градот- Маршал Тито** така што низ централното подрачје нашите сограѓани со попречености и други повреди телесни ,постари лица и родители со бебиња со

колички може полесно да се движат и функционираат.Оваа активност е на предлог на иницијативата“ И јас сум дел -од Здружението на млади правници„.

-**Обезбедено Специјализирано превозно средство комбе страна на Општината**во рамки наЕУ Програма -InterregIPAAdrionза потребите на граѓаните проектот Локални власти на патот кон одржлива урбана мобилност во Јадранскиот/Јонскиот со акроним ЛАМО регионза лица со ретки болести и попречености организации на лица со попреностикое општината го дава на користење на сите лица од засегнатите социјални и здравствени проблеми кои имаат голема неможност да ги остварат своите потреби од здравствена социјална и инклузивна природа во заедницата во насока на олеснување на животот во заедницата преку олеснување на транспортот на лицата со посебни потреби/лица со попречености на територија на Општина Неготино.

**б) *Сроднисектори*:**

Подетални податоци за давателите на социјални услуги се дадени во поглавјето 4.2. Социјални услуги.

Ворамките на ЈЗУЗдравствен Дом -Неготино од 2006година до 2011година функционирал клуб на лекувани алкохоличари Св.Петка,но поради немање на финансиски средства и поддршка од заедницата престанал со работа.

***- образование***: Во општинаНеготиноима две основни училишта. ВоООУ „Гоце Делчев“ наставата се следи во објекти, односно паралелки кои се распределени во централното училиште во Неготино, како и во подрачните училишта во населените места Курија, Тремник, Тимјаник и Долни Дисан.Наставата воООУ „Страшо Пинџур“покрај во централното училиште во Неготино се реализира и во четири подрачни училишта во населените места Црвени брегови, Војшанци, Криволак и Пепелиште. Во општината има и едно средно училиштеСОУ „Св.Кирил и Методиј“ со гимназиско образование-(македоонско -француска билингвална паралелка),електротехника и информатички технологии(електротехничар за компјутерска техника и автоматика,електротехничар-енергетичар,електротехничар за копјутерска техника и автоматика во соработка со општествено одговорни компании ),хемија и технологија (прехрамбен техничар во соработка со компании и хемиско лабораториски техничар) и од 2025 година сектор Економија,право и трговија(техничар за е-трговија и дигитален маркетинг)-лоцирано во градот Неготино.

Согласно законот за средно образование од учебната 2025 /2026 прејуресурсните центри се ангажираат образовни асистенти кои ќе им даваат поддршка на учениците со попреченост.
Во средното училиште СОУ Св.Кирил и Методиј Неготино оваа учебна година преку ресурсниот центар Искра Штип се ангажирани 3 образовни асистенти.

Отворен граѓански институт(работнички универзитет) -Неготино основан од Општина Неготино -институција за образование на возрасни.

Образовна асистенција се спроведува во ОУ Гоце Делчев Неготино така што ангажирани се 8 образовни асистенти за 8 ученика ангажирани преку ОУРЦ “Маца Овчарова’-Велес(основно училиште со ресурсен центар)

Во ОУ Страшо Пинџур во 2024-2025г во училиштето беа вклучени 7 образовни асистенти кои обслужуваа 8 ученика а во учебната 2025-2026г ангажирани се 8 образовни асистенти кои обслужуваат 10 ученика ангажирани преку“МацаОвчарова’-Велес(основно училиште со ресурсен центар)

На ниво на училиште за оваа учебна година има 15 ученика со извештај од МКФ за посебни образовни потреби.Во континуитет се прати се поголем број на ученици со посебни образовни потреби што во иднина би значело и зголемување на потребата за проширување на капацитетите на Центарот за поддршка како во просторно,материјално така и во кадровско значење.

***- детска заштита:***ДецатаодпредучилишнавозрастсезгрижениводваклонанадетскатаградинкаЈОУГД ФемоКулаковвоградотНеготино и три клона во рурални средини (Криволак, Тремник и Пепелиште).

Изградена е нов клон Темјанушка во рамки на Детската градинка ФемоКулаковкоја има капацитет за згрижување на 168 деца во 9 занимални.

***- здравство*****:** ЗдравственатазаштитавоОпштинаНеготиносеобезбедувапрекуЈЗУ Здравствендом и мрежаназдравствениустановиодпримарнатапрактика:8ПЗУ, 15матичнилекари, 4специјалистичкиздравствениустанови-ортодонти,

3лабаратории и 10 аптеки,3 гинеколози и 13 стоматолози. Услугиодсекундарнатаздравственазаштитасекористатвопоблискитеградови.

***- култура:***Во општина Неготино има еден културен дом Центар за култура „Ацо Ѓорчев"формиран во 1948 година. Центарот располага со голема сала со капацитет од 288 седишта, уметничка галерија со површина од 45м2. Во центарот се изведуваат активности од драмско-сценската дејност, музичко-концертната и фолклорната дејност, како и изложбено-галериска дејност. Во општината има градска библиотека Страшо Пинџур, како и Музеј на град Неготино, надлежен за заштита, чување и промоција на културно-историското наследство на општините Неготино и Демир Капија .

